

**ЧЕСТИТКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ДО ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР**

*Моите искрени честитки по повод 23 Октомври, Денот на македонската револуционерна борба им ги упатувам на сите граѓани на општината Демир Хисар.*

*Денеска се навршуваат точно 118 години од основањето на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација.*

*Ова е историски ден за почетокот на организираното македонско револуционерно движење, ден кога воскресна идејата за ослободување на македонскиот народ.*

*23 октомври симболизира континуитет на македонската борба за независност, што резултира денеска да имаме сопствена, независна држава.*

*Со почит, Тони Ангелевски*
*Градоначалник на општината Демир Хисар*